РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-1438/4
25.8. 2022 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted]

Предмет: Одговор на барањата за слободен пристап до информации, со наши броеви 03-1438/1 од 11.8.2022 година 03-1438/2 од 15.8.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на Вашето барање.

Вашето барање е по однос на спроведената постапка за избор на надворешни соработници за изработка на прирачници за наставници со материјали за учење (за ученици), а на основа на која е донесена Одлука бр.02-47/3 од 13.06.2022 година и тоа:

1. Записник со листа предлог за избор на надворешни сроаботници со број 03-47/2 од 08.06.2022 година од работата на Комисијата за избор формирана согласно Решение бр.02-47/1 од 05.06.2022 година.
2. Решение бр.02-47/1 од 05.06.2022 година.
3. Професионалните класификации за избраните кандидати под т.8 и 9 [redacted]

4. Со второто барање со наш број 03-1438/2 од 15.8.2022 година, беше повлечено барањето за [redacted] за петто одделение.

Ви доставуваме по една фотокопија од бараните документи под точките 1 и 2 односно фотокопија од записникот со предлог листа за избор на надворешни соработници со број 03—47/2 од 08.06.2022 година и фотокопија од решението со број 02—47/1 од 05.06.2022 година. Во однос на барањето информација за професионалните класификации на избраните кандидати, Ве информираме дека тие се согласно критериумите наведени во конкурсот.

Биро за развој на образованието

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03 - 1438/3
25 · 8 . 20 22 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ” бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, и Решението за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 02-135/1 од 30.01.2020 година, се донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобруваат барањата за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1438/1 од 11.8.2022 година и бр.03-1438/2 од 15.8.2022 година од барателот Адвокатска канцеларија [redacted]

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

1. На 11.8.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање за доставување копии од:
   - Записник со листа предлог за избор на надворешни сроаботници со број 03-47/2 од 08.06.2022 година од работата на Комисијата за избор формирана согласно Решение бр.02-47/1 од 05.06.2022 година.
   - Решение бр.02-47/1 од 05.06.2022 година
   - Професионалните класификации за избранките кандидати под т.8 и 9 [redacted] за музичко образование за второ одделение и за [redacted] за музичко образование за петто одделение.

   На 15.8.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено ново барање, каде беше наведено дека е повлечено барањето за м-р [redacted] за музичко образование за петто одделение.

2. Барањата се разгледаа од страна на овластеното лице и се констатира дека истите се основани.

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit

Бр./Nr. 03 - 47/2

8-6 2022 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

До

**В. Д. Директорот на Бирото за развој на образованието**
**Зеќирија Хасипи**

**Записник**

од работата на Комисијата за избор на надворешни соработници
за стручна работа на Бирото за развој на образованието

Комисијата формирана од страна на в.д. директорот на Бирото за развој на образованието со решение бр. 02 - 47/1 од 5.6.2022 година, во состав: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор - претседател, м-р Мирјанче Милошевска,раководител на одделение - член, м-р Емилија Вељаноска, советник – член, Зоран Мазновски, советник – член, Невена Бошковска, советник – член се состана на 8.6.2022 година во просториите на Бирото и ги разгледа пријавите и доставената документација на кандидатите кои се пријавиле на конкурсот објавен во дневните весници Коха и Нова Македонија на 14-15.5.2022 година

Комисијата изврши увид на доставената документација на пријавените кандидати, односно утврди дали е комплетна, валидна и навремено доставена за исполнување на условите (критериумите) утврдени со објавениот конкурс во согласност со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешните соработници и надоместоците за други услуги на Бирото за развој на образованието. Комисијата пристапи кон поединечно разгледување на документите на кандидатите за точката за којашто се пријавиле на конкурсот.

Врз основа на утврдените критериуми во Правилникот, Комисијата изврши избор на потребниот број надворешни соработници коишто се квалификувани за вршење на стручна работа.

По извршеното оценување Комисијата изготви листа со предлог за избор на кандидати за надворешни соработници, дадена во прилог.

# ЛИСТА СО ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ:

1.1. **Надворешни соработници за изработка на прирачници за наставници со материјали за учење (за ученици) за наставниот предмет физичко образование за прво, второ, четврто и петто одделение, ликовно образование за за прво, второ, четврто и петто одделение, музичко образование за второ и петто одделение, техничко образование и информатика за петто одделение за основно образование**

Врз основа на горенаведеното бодирање, Комисијата во полн состав, ги предлага наведените кандидати за надворешни соработници.

**Надворешни соработници-обучувачи кои се одбрани за изработка на прирачници за наставници со материјали за учење (за ученици)**

1. За физичко и здравствено овразование за второ одделение – Тема: Јас и моето тело
2. За физичко и здравствено овразование за петто одделение – Тема: Атлетика - Викто
3. За физичко и здравствено овразование за четврто одделение – Тема: Гимнастика, ри
4. За техничко образование и информатика за петто одделение – Тема: Техичко црта вска, Јованка Николоска и Јонуз Фуга – за делот техничко образование и Тема: Онл
5. За ликовно образование за прво одделение – Тема: Печатење – Мар
6. За ликовно образование за второ одделение – Тема: Цртање – м-р И
7. За ликовно образование за петто одделение – Тема: Цртање - Фили
8. За музичко образование второ одделение – Тема: Слушање музик -
9. За музичко образование петто одделение – Тема: Слушање музика

**Кандидати кои се одбиени:**

1. За физичко и здравствено овразование за второ одделение - Тема: Јас и моето тело - [redacted] –
   [redacted]
2. За физичко и здравствено овразование за четврто одделение – Тема: спортски игри [redacted]
3. За ликовно образование за второ одделение – Тема: Цртање – [redacted]
4. За ликовно образование за петто одделение – Тема: Цртање – [redacted]
5. За ликовно образование за петто одделение – Тема: Цртање – [redacted]
6. За музичко образование второ одделение – Тема: Слушање [redacted] и Силвана
   Величковиќ
7. За музичко образование петто одделение – Тема: Слушање му[redacted]

Ајше Ајрулаи ____________________

м-р Мирјанче Милошевска ____________________

м-р Емилија Вељаноска ____________________

Зоран Мазновски ____________________

Невена Бошковска ____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit

Бр./Nr. 02- 47/1

5.6. 2022 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ" бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година и бр. 01-1592/1 од 17.11.2021 година и Одлуката за објавување конкурс 02-855/2 од 13.05.2022 година, в.д. директорот на Бирото за развој на образование донесе:

## РЕШЕНИЕ

**за формирање Комисии за избор на надворешни соработници**

1. По објавениот оглас во средствата за јавно информирање „Нова Македонија" и „Koha" од 14-15.5.2022 за избор на надворешни соработници за изработка на прирачници за наставници со материјали за учење (за ученици) за наставниот предмет физичко образование за прво, второ, четврто и петто одделение, ликовно образование за прво, второ, четврто и петто одделение, музичко образование за второ и петто одделение, техничко образование и информатика за петто одделение за основното образование, се формираат Комисија за избор на надворешни соработници во состав:

**А) Претседател:**

- **Ајше Ајрулаи, раководител на сектор;**

**Б) Членови:**

- м-р Мирјанче Милошевска, раководител на одделение;
- м-р Емилија Вељаноска, советник
- Зоран Мазновски, советник
- Невена Бошковска, советник

2. Комисијата од точка 1 треба да избере надворешни соработници согласно објавениот конкурс.

3. Комисијата ги оценува барањата на кандидатите кои во целост се прифатливи согласно со критериумите наведени во објавениот конкурс.

4. По извршеното оценување Комисијата да направи записник со предлог за избор на кандидати за надворешни соработници, да изготви извештај и истиот да го достави до в.д. директорот на Бирото најдоцна до 08.06.2022 година и да ги разгледа и одобри прирачниците со материјалите за учење до 31.07.2022

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

В.Д. ДИРЕКТОР

Зекирија Хасипи

Изготвил: Емилија Пановска/Марија Исовска

Одобрил: м-р Митко Чешларов